Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј"
Медицински факултет - Скопје
Факултетско студентско собрание

Врз основа на член 11 став 1 точка 6, а во врска со член 41 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Медицински факултет при УКИМ во Скопје, Факултетското студентско собрание на седница одржана на ден 11.12.2019 година го распиша следниов

# КОНКУРС

***за избор на заменик студентски правобранител на Медицински факултет при УКИМ во Скопје***

Факултетското студентско собрание на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје, согласно одредбите од Статутот го распишува овој Конкурс за избор на заменик студентски правобранител на Медицински факултет при УКИМ во Скопје. Заменик студентскиот правобранител има мандат од две години без можност за реизбор. Изборот го врши Факултетското студентско собрание, со тајно гласање, а изборот го реализира Изборната комисија.

Право на пријавување имаат сите редовни студенти кои студираат на студиските програми од било која година на Медицинскиот факултет во Скопје.

Потребни документи за конкурирање:

- Мотивациско писмо (адресирано до: *ФССМЕДФ – Скопје*);
- Кратко CV;
- Фотокопија од индекс;

Студентите пријавата по овој конкурс ја доставуваат до **архива на Медицински факултет – Скопје** и на електронската пошта fssmedf@gmail.com. Документите се поднесуваат од 11.12.2019 година до 18.12.2019 година. Документите кои се некомплетни и доставени надвор од наведениот рок нема да се разгледуваат.

Резултатите за изборот на заменик студентски правобранител ќе бидат објавени на веб страницата на факултетот.

11.12.2019г.

Скопје

Претседател

Марио Петрески, с.р.